КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (,,Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14 ,44/15 и 193/15), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.08.2017 година го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентени броеви: 108910, 109477, 109317, 107901, 107903 и 109537 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за комуникациски услуги ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат Скопје на негово барање.

**II**

Одобренијата за користење на радиофреквенции од точка I на ова Решение престануваат да важат заклучно со 18.08.2017 година.

**III**

Ова решение е конечно

.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 108910, 109477, 107881, 109317, 107901, 107903 и 109537 на ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје со адреса на ул.Филип Втори Македонски бр.3 ДЦ/Соравија -8-ми кат.

На 16.08.2017 година ОНЕ.ВИП Оператор ДОО Скопје , достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведените одобренија со број уп1-бр.0802-1038.

Одобрението со бр.107881 е отповикано на 15.08.2017 на ваше барање уп1-бр.0802-1032.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14,44/15 и 193/15), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

ИзготвеновоАгенцијазаелектронскикомуникации
Нашброј: уп1-бр.0802-1038
Скопје, 18-08-2017

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**




Доставенодо:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii